Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 21.12.2023

На 20.12.2023 во Виница, полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода Ф.А.(19) од Виница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени околу 3.000 парчиња разновидни пиротехнички средства. Лицето било приведено во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во консултација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 20.12.2023, полициски службеници од ОВР Ресен и вработени од ЈП „Национални Шуми" од Ресен го привеле Н.К.(44) од Ресен. При контрола на негов имот во с.Прелубје, ресенско, во 14.40 часот биле пронајдени огревни дрва за кои не поседувал документација и печат. Дрвата биле одземени и предадени на ЈП „Национални Шуми" - Ресен, а по целосно документирање на случајот, против Н.К. ќе следува соодветна пријава.

На 20.12.2023 во 14.20 часот во с.Бунарџик, општина Илинден, полициски службеници од Полициското одделение Петровец го лишиле од слобода С.М.(64) од с.Бунарџик. Тој се сомничи дека околу 10.30 часот во продажен објект во селото со закана кон вработените одзел повеќе производи. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицето било приведено во полициска станица, по што било пренесено во здравствена установа во с.Бардовци, скопско. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2023 во 11.20 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Р.А.(48) од Куманово. Тој се сомничи дека истиот ден влегол во куќа на улица „Никола Вапцаров" и одзел повеќе предмети. Р.А. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 20.12.2023 во 20.15 часот во Велес, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода М.Г.(26) од Велес. Тој се сомничи дека со уште едно лице во куќа во Велес, каде што извршувале промена на клима уред, одзеле пари и накит. Според пријавеното, тие искористиле прилика и го извршиле делото кога сопственикот излегол од куќата. По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 20.12.2023, полициски службеници на СВР Тетово - Полициско одделение Галате лишиле од слобода малолетник од гостиварско Дебреше кој на 19-ти овој месец противправно одзел патничко моторно возило „фолксваген пасат" со гостиварски регистарски ознаки, а кое било оставено на локалниот пат што ги поврзува гостиварските села Дебреше и Здуње. Возилото му било вратено на сопственикот Ф.Џ.(53) од Дебреше, додека по целосно документирање на случајот на малолетникот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (20.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 159 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 80 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 79 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (20.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 151 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 30 санкции, седум мерки за возење без возачка дозвола, пет мерки за користење на мобилен телефон, пет санкции за минување на затворен сигнал-црвено светло...

На 20.12.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Карпош, В.И.(40) од Скопје пријавила дека на Средно Водно била касната од куче скитник.

На 20.12.2023 во 14.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, 17 - годишник од Скопје пријавил дека на ул.„Виничка" во Скопје бил каснат од куче скитник.

21.12.2023

На 20.12.2023 полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп во координација со Одделот за криминалистичка полиција- Сектор за општ и насилен криминал, по преземени мерки и активности, ги лишиле од слобода В.Б.(34) и Д.М.(22) од Прилеп, поради основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". Имено, на 19.12.2023 на ул."Кире Базерко" во Прилеп, на барање на В.Б., Д.М. со запалива течност предизвикал пожар на патничко моторно возило „мерцедес" со прилепски регистарски ознаки, сопственост на Б.М.(50) од Прилеп, за што добил пари од В.Б.. Со двајцата лишени од слобода извршени се службени разговори во полициска станица, при што тие го признале делото. Денеска (21.12.2023) до ОЈО Прилеп е поднесена кривична пријава за сторено кривично дело по член 288 „предизвикување општа опасност" од Кривичниот законик.

На 21.12.2023 во 12.50 часот во Куманово, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода А.Н.(51) од Куманово затоа што кај него биле пронајдени и одземени 550 парчиња пиротехнички средства. А.Н. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2023 околу 16.00 часот во струшкото село Долна Белица, полициски службеници од ОВР Струга го лишиле од слобода А.Н.(27), а на службен разговор е повикан И.Д.(24), двајцата од селото Враништа. Во село Долна Белица, полициски службеници запреле патничко возило „бмв" со струшки регистарски ознаки, во кое се превезувале двајцата, при што А.Н. исфрлил ќеса со марихуана, која била пронајдена и одземена. По целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.12.2023 во 17.20 часот, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Б.Т.(44) од Гевгелија затоа што околу 10.45 часот во кругот на Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје физички ја нападнал медицинската сестра Н.Р.Б.(41) од скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (20.12.2022) во периодот од 10.00 до 14.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 55 возачи.

Вчера (20 декември) од 10.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возачите - дали и колку тие ги почитуваат нивните обврски кон пешаците. Притоа, биле санкционирани вкупно 24 возачи (ТЕ-19 и ГВ-5) кои не ги пропуштиле пешаците на обележани премини. На прекршителите им се изготвени поднесоци со парични глоби кои, зависно од видот и карактерот на прекршокот, се движат од 200 до 250 евра во денарска противвредност. На оние со изречена глоба од 250 евра времено ќе им бидат одземени и нивните возачки дозволи од три месеци до една година. При контролата, исто така, санкционирани се и 11 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-3).

На 20.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци од кои 13 надвор од населено место и 5 во населено место. Санкционирани биле и 37 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 4 за некористење сигурносен појас, 8 за користење мобилен телефон, 3 за прекршоци сторени од пешаци и 17 за непрописно паркирање.

На 20.12.2023 во 20.10 часот во СВР Скопје, 31 - годишна жена пријавила дека околу 14.10 часот во домот во скопско била физички нападната од нејзиниот вонбрачен партнер Г.К. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2023 во 20.20 часот во СВР Скопје, И.М.(72) од с.Марино, скопско пријавила дека на подрачјето на Центар била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, Г.Б.(44) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2023 во 09.00 часот во СВР Скопје, Б.И.(45) од Скопје пријавил дека на 15.12.2023 околу 19.50 часот на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2023 во 14.40 часот во СВР Скопје, Б.Ц.(18) од Скопје пријавил дека околу 12.50 часот во близина на средно училиште на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.12.2023 во 17.30 часот во СВР Скопје, 52 - годишен маж од Скопје пријавил дека на 19.12.2023 околу 20.45 часот во домот во скопско, неговиот малолетен син физички ја нападнал својата сестра, а потоа со остар предмет му се заканил нему. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 21.12.2023, од страна на полициски службеници од ОКР Центар и Бит Пазар било постапено по претходна добиена пријава од Комплексот клиники „Мајка Тереза" дека на 17.12.2023 во Клиниката за Токсикологија е примено машко лице, кое претходно од екипа на Итна медицинска помош било донесено и каде починало. По преземени мерки од полициски службеници било утврдено дека се работи за лицето С.П.(52) од Скопје. Тој бил предаден во Институт за судска медицина за обдукција, а по извршената обдукција телото на починатиот било предадено за погреб.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.З.Е.(23) од Република Турција, со привремен престој во Штип поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „тешка телесна повреда" и „учество во тепачка" и против Б.У.(22) и Е.Б.Д.(23), двајцата од Република Турција, со привремен престој во Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „учество во тепачка". На 14.12.2023 во Штип, пријавените физички ги нападнале А.О. и Е.О., двајцата од Република Турција, со привремен престој во Штип, при што М.З.Е. со остар предмет им нанел повреди.

СВР Битола поднесе кривична пријава против И.С.(35) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 15.10.2023 во Прилеп, пријавениот физички го нападнал З.Т.и му нанел тешки телесни повреди.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ф.В.(29) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.08.2022 во Прилеп, полициски службеници извршиле преглед на две лица и пронашле марихуана која ја купиле од Ф.В..

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.С.(54) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 17.02.2023 во Прилеп, при преглед на товарно возило, пријавениот бил затекнат со уште едно лице и бил пронајден тетрахидроканабинол.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет